**Говор на министерката за одбрана Славјанка Петровска**

**за церемонијата на примопредавање на должноста Министер за одбрана**

**на Република Северна Македонија**

**17 јануари 2022**

Почитувани присутни,

Денес ја преземам функцијата министер за одбрана во едни многу поинакви општествено-политички околности отколку оние што беа во 2017 година. Денес, нашата татковина е земја членка на НАТО, и тоа не се случи само по себе. Требаше многу труд, посветеност и политичка пожртвуваност за сето ова да стане реалност.

Госпоѓо Шекеринска, драга Радмила, во мое име и во име на граѓаните на Република Северна Македонија, Ви благодарам за Вашиот влог и придонес кон исполнувањето на оваа стратешка определба. Им благодарам и на сите оние кои одлучија и по цена да бидат критикувани и осудувани, да донесат визионерски одлуки чии придобивки се во интерес на граѓаните. Членството во НАТО е признание за Вашата работа и еден од најважните делови на поновата македонска историја.

Членството во НАТО не е само признание само на политичките процеси кои се случуваа, туку и на подготвеноста на нашата Армија да ги прифати НАТО стандардите и принципите на дејствување и постапување на Алијансата. Генерал потполковник Ѓурчиновски, Вам и на припадниците на Армијата Ви честитам за досегашната посветеност на овој исклучително значаен процес, од кој несомнено сте битен дел. Заедно ќе продолжуваме понатаму по тој пат.

Свесна за досегашниот влог, целосно почитувајќи ги резултатите од реформите и постигнатиот напредок, пред мене стои сериозен предизвик да го сочувам она што досега е постигнато и истовремено да бидам политички двигател во процесите кои ни претстојат. Тоа е моја обврска кон граѓаните, кон припадниците на Армијата кон принципите на кои се заснова нашето членство во НАТО.

Да се биде земја членка на НАТО значи дека мора да покажеме капацитет да се носиме со сите предизвици со кои се соочува и ќе се соочува Алијансата. Затоа, процесите кои се започнати ќе продолжат со уште поинтензивна динамика.

Еден од најважните приоритети во текот на мојот мандат ќе биде одржувањето на стабилното финансирање на одбраната и достигнување на 2 % од БДП за одбранбениот буџет до 2024 година.

Нема силна одбрана без модерна Армија. Токму затоа ќе продолжат да се имплементираат проектите за опремување и модернизација на Армијата.

Нема силна одбрана и без задоволни и згрижени припадници на Армијата. За таа цел ќе продолжам да водам сметка за подобрување на условите за работа и животниот стандард на воениот и цивилниот персонал во Армијата.

Секако дека ќе продолжи подобрувањето и обновата на инфраструктурата на воените објекти, како и реновирањето на објекти со имплементација на обновливи извори на енергија и секако, ќе продолжи инвестирањето во развојот на Армискиот полигон „Криволак“ кој е вреден домашен и НАТО ресурс.

Имајќи предвид дека Република Северна Македонија е мала земја со ограничени ресурси и потполно свесна за довербата која ја ужива Армијата помеѓу граѓаните, ќе настојувам Армијата и понатаму да им помага на граѓаните кога тоа е најпотребно - и во кризни состојби и катастрофи и како поддршка на цивилните институции.

Мој приоритет секако ќе биде и донесувањето на Законот за службеници во одбраната со кој ќе се обезбеди фер и достоинствен третман на администрацијата во одбраната, нивниот статус, права и обврски.

Заедно со вас ќе го одржиме високото ниво на транспарентност и интегритет во работењето на министерството, притоа водејќи сметка за правична застапеност ќе го негуваме мултиетничкиот карактер на нашата земја, а ќе продолжиме и со имплементација на правилни родови политики грижејќи се и унапредувајќи ја положбата на жените во Армијата и Министерството.

Светските текови алармираат дека мора да ја засилиме борбата против разните видови на хибридни и кибернетски закани. За таа цел ќе вложуваме многу

повеќе во опрема, но и во експерти за сајбер одбрана, а развивајќи го Центарот за справување со лажни вести и дезинформации и односи со јавност, ќе настојуваме поуспешно да се справуваме и со овој тип на хибридните закани.

Се разбира дека и понатаму ќе ја развиваме соработката со земјите со кои споделуваме исти вредности, особено сојузниците. Заедничките активности, обуките и вежбите ќе ги користиме да ја зголемиме интероперабилноста на Армијата, да го надградиме нашето знаење и подготвеност и да го одржиме угледот на кредибилна земја членка која придонесува во реализацијата на клучните задачи на Алијансата.

Во таа насока ќе продолжиме со учество во меѓународните мировни операции и мисии кои од оваа година ќе се збогатат со нашиот придонес во НАТО Мисијата во Ирак и НАТО мисијата Зајакнато истурено присуство во борбената група предводена од Канада во Латвија.

Почитувани,

Како министерка за одбрана моите одлуки ќе почиваат на Уставот, законите и интересот на државата и граѓаните. Почитување на цивилната контрола, но и принципот на хиерархија и субординација во безбедносните структури се клучни принципи кои гарантираат ред.

Стекнатиот углед на институција во која граѓаните имаат највисока доверба мора да се зачува. Токму затоа, почитувани припадници на Армијата и Министерството, во мене гледате најдете сојузник со кој заедно ќе ги надминувате сите предизвици.

Сите ние заедно, пред се почитувајќи се меѓусебе сме дел од еден заеднички тим, тим наречен Република Северна Македонија.

Да живее Армијата на Република Северна Македонија!

Да живее Република Северна Македонија!